Република Северна Македонија

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
e - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47-552-661

Бр. 5

25.02.2026

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и Сл.весник на РСМ бр.202/24/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

***за објавување на Одлука за укинување на Одлуката за давање согласност за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот „Зголемување на капацитетите на ЈКП „Комуналец“ и Општината Демир Хисар за давање на комунални услуги преку набавка на градежна машина“ со бр.17-228/2 од 24.02.2026 година***

1.Ја објавувам Одлуката за укинување на Одлуката за давање согласност за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот **„Зголемување на капацитетите на ЈКП „Комуналец“ и Општина Демир Хисар за давање на комунални услуги преку набавка на градежна машина“ со бр.17-228/2 од 24.02.2026 година,** донесена на вонредна седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 24.02.2026 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-238/1 Општина Демир Хисар**
**25 .02.2026 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ” бр.5/02 и ,,Службен весник на РСМ” бр.202/24), како и член 94 став 2 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар” бр.03/02, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14 и 10/19, 7/21 и 21/23), советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 24.02.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за укинување на Одлуката за давање согласност за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот Зголемување на капацитетите на ЈКП „Комуналец“ и Општината Демир Хисар за давање на комунални услуги преку набавка на градежна машина“ со бр.17-228/2 од 24.02.2026 година**

Член 1

Со оваа одлука се укинува Одлуката за давање согласност за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот Зголемување на капацитетите на ЈКП „Комуналец“ и Општината Демир Хисар за давање на комунални услуги преку набавка на градежна машина“ со бр.17-228/2 од 24.02.2026 година, што советот на Општина Демир Хисар ја донесе на вонредната седницата на ден 24.02.2026 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.17-231/2Совет на Општина ДемирХисар
24.02.2026 година Претседател
Демир Хисар Никола Дранговски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и Сл.весник на РСМ бр.202/24/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

***за објавување на Одлуката за давање согласност за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот „Зголемување на капацитетите на ЈКП „Комуналец“ и Општината Демир Хисар за давање на комунални услуги преку набавка на градежна машина“***

1.Ја објавувам Одлуката за давање согласност за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот **„Зголемување на капацитетите на ЈКП „Комуналец“ и Општина Демир Хисар за давање на комунални услуги преку набавка на градежна машина“,** донесена на вонредна седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 24.02.2026 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-238/1 Општина Демир Хисар**
**25 .02.2026 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 91, став 3 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 03/02, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 24.02.2026 година, ја донесе следнава

## ОДЛУКА

**за давање согласност за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот „Зголемување на капацитетите на ЈКП „Комуналец“ и Општината Демир Хисар за давање на комунални услуги преку набавка на градежна машина“**

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Демир Хисар дава согласност за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот **„Зголемување на капацитетите на ЈКП**

**„Комуналец“ и Општината Демир Хисар за давање на комунални услуги преку набавка на градежна машина“**.

Проценетата вредност на проектот од став 1 на овој член изнесува 5.215.600,00 денари. Финансирањето на проектот ќе биде обезбедено со средства од Министерство за локална самоуправа во вредност од 3.500.000,00 денари, а преостанатите средства во вредност од 1.715.600,00 денари ќе биде сопственото учество на Општина Демир Хисар.

Член 2

Оваа Одлука Советот на Општина Демир Хисар ја донесува врз основа на Јавниот повик за финансирање на предлог-проекти за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2026 година, по одделни мерки и активности за рамномерен регионален развој, објавен од страна на Министерството за локална самоуправа.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Демир Хисар“.

Бр. 17-231/3 Претседател
24.02.2026 година на Совет на Општина
Демир Хисар Демир Хисар
Никола Дранговски с.р.

-------------------------------------------------------

С О Д Р Ж И Н А

1. Одлука укинување на Одлуката за давање согласност за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот **Зголемување на капацитетите на ЈКП „Комуналец“ и Општината Демир Хисар за давање на комунални услуги преку набавка на градежна машина**“ со бр.17-228/2 од 24.02.2026 година-------1-2

2. Одлука за давање согласност за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот **Зголемување на капацитетите на ЈКП „Комуналец“ и Општината Демир Хисар за давање на комунални услуги преку набавка на градежна машина**“ ------1-2

**Издава**
**Општина Демир Хисар**
**ул.Битолска бр.8**
**тел.047 552 661, 076 359 831**